# Службен гласник
## на Општина Штип

Службен гласник
на Општина Штип
Излегува по потреба

Број 5
13 април 2023 година

Година LX


С О Д Р Ж И Н А


| Р. бр. | | страна |
|---|---|---|
| 176. | Решение за објавување на Одлука за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност–општински обврзници од прва емисија. | 309 |
| 177. | Одлука за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност – општински обврзници од прва емисија. | 309 |
| 178. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 55 за КО-Брест со намената на бесправно изградениот објект. | 316 |
| 179. | Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 55 за КО-Брест со намената на бесправно изградениот објект. | 316 |

| | | |
|---|---|---|
| 180. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 2306 и КП 2307 за КО Штип вон град со намената на бесправно изградениот објект. | 317 |
| 181. | Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 2306 и КП 2307 за КО Штип вон град со намената на бесправно изградениот објект. | 318 |
| 182. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 178 за КО Штип вон град со намената на бесправно изградениот објект. | 318 |
| 183. | Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 178 за КО Штип вон град со намената на бесправно изградениот објект. | 319 |
| 184. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Зелена енерија за подобра иднина“. | 320 |
| 185. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Зелена енерија за подобра иднина“. | 320 |
| 186. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Збогатување на туристичка понуда во Источен плански регион“ за делот на општина Штип „Поплочување на улици во автентичен стил во населба Ново село“ Штип - фаза 2“. | 321 |
| 187. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Збогатување на туристичка понуда во Источен плански регион“ за делот на општина Штип „Поплочување на улици во автентичен стил во населба Ново село“ Штип - фаза 2“. | 322 |
| 188. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Инсталација на фотоволтаични системи во Источен плански регион“. | 323 |
| 189. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Инсталација на фотоволтаични системи во Источен | 323 |

| | | |
|---|---|---|
| | плански регион". | |
| 190. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Бетонирање на улицата АСНОМ во населба Света Недела и пост ковид активности за возрасни и туторство за децата Роми". | 324 |
| 191. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Бетонирање на улицата АСНОМ во населба Света Недела и пост ковид активности за возрасни и туторство за децата Роми". | 325 |
| 192. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Штип и Берово за подобрување на условите за живот на ромските заедници". | 326 |
| 193. | Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Штип и Берово за подобрување на условите за живот на ромските заедници". | 326 |
| 194. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација на градежно земјиште за дел од КП 9146/3 за КО Штип 5. | 327 |
| 195. | Одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација на градежно земјиште за дел од КП 9146/3 за КО Штип 5. | 328 |
| 196. | Решение за објавување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за запишување на деца во прво одделение во општинските основни училишта на територијата на Општина Штип. | 329 |
| 197. | Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за запишување на деца во прво одделение во општинските основни училишта на територијата на Општина Штип. | 329 |
| 198. | Решение за објавување на Одлука за донесување на Акциски план за решавање на прашањето за сегрегација на ученици Роми во ООУ „Гоце Делчев"Штип. | 331 |
| 199. | Одлука за донесување на Акциски план за решавање на прашањето за сегрегација на ученици Роми во ООУ „Гоце Делчев"Штип. | 331 |
| 200. | Решение за објавување на Реонизација на јавните основни училишта на територијата на Општина Штип. | 332 |
| 201. | Реонизација на јавните основни училишта на територијата на Општина Штип. | 332 |

| | | |
|---|---|---|
| 202. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година. | 337 |
| 203. | Програма за измена и дополнување на Програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Штип за 2023 година. | 337 |
| 204. | Решение за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2023 година. | 338 |
| 205. | Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип за 2023 година. | 339 |
| 206. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 340 |
| 207. | Одлука за одобрување финансиски средства за лекување. | 341 |
| 208. | Решение за објавување на Одлука за формирање и именување членови на Совет за заштита на потрошувачите на Општина Штип. | 341 |
| 209. | Одлука за формирање и именување членови на Совет за заштита на потрошувачите на Општина Штип. | 342 |
| 210. | Решение за објавување на Решение за именување на претседател и членови на општински совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата-Штип. | 343 |
| 211. | Решение за именување на претседател и членови на општински совет за безбедноста на сообраќајот на патиштата-Штип. | 344 |
| 212. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Општинска јавна установа за деца-детска градинка „Астибо“-Штип за 2023 година. | 345 |
| 213. | Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Општинска јавна установа за деца-детска градинка „Астибо“-Штип за 2023 година. | 345 |
| 214. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ОЈУДГ„Астибо“-Штип. | 346 |
| 215. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ОЈУДГ„Астибо“-Штип. | 347 |
| 216. | Решение за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на | 347 |

| | | |
|---|---|---|
| | давателите на јавни услуги и на директорот на Јавна установа за деца-општинска детска градинка „Вера Циривири-Трена“-Штип за 2023 година. | |
| 217. | Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на Јавна установа за деца-општинска детска градинка „Вера Циривири-Трена“-Штип за 2023 година. | 348 |
| 218. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ЈУДОДГ„Вера Циривири-Трена“-Штип. | 349 |
| 219. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ЈУДОДГ„Вера Циривири-Трена“-Штип. | 349 |
| 220. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2022-31.12.2022 година по Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип. | 350 |
| 221. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2022-31.12.2022 година по Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип. | 350 |
| 222. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2022-31.12.2022 година по Програмата за одржување на локални патишта и улици. | 351 |
| 223. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2022-31.12.2022 година по Програмата за одржување на локални патишта и улици. | 352 |
| 224. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2022-31.12.2022 година по Програмата за одржување на локални патишта и улици во зимски услови. | 352 |
| 225. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2022-31.12.2022 година по Програмата за одржување на локални патишта и улици во зимски услови. | 353 |

| | | |
|---|---|---|
| 226. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2022-31.12.2022 година по Програмата за користење на јавниот простор за паркирање. | 353 |
| 227. | Заклучок за усвојување на Квартален извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2022-31.12.2022 година по Програмата за користење на јавниот простор за паркирање. | 354 |
| 228. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2022-31.12.2022 година по Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип. | 355 |
| 229. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.10.2022-31.12.2022 година по Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Штип. | 355 |
| 230. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2022-31.12.2022 година по Програмата за одржување на локални патишта и улици. | 356 |
| 231. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2022-31.12.2022 година по Програмата за одржување на локални патишта и улици. | 357 |
| 232. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2022-31.12.2022 година по Програмата за одржување на локални патишта и улици во зимски услови. | 357 |
| 233. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2022-31.12.2022 година по Програмата за одржување на локални патишта и улици во зимски услови. | 358 |
| 234. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од | 358 |

| | | |
|---|---|---|
| | 01.01.2022-31.12.2022 година по Програмата за користење на јавниот простор за паркирање. | |
| 235. | Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работењето на ЈП„Стипион 2011“-Штип со финансиски показатели за период од 01.01.2022-31.12.2022 година по Програмата за користење на јавниот простор за паркирање. | 359 |
| 236. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ЈП„Стипион 2011“-Штип за 2022 година. | 360 |
| 237. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ЈП„Стипион 2011“-Штип за 2022 година. | 360 |
| 238. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈП„Исар“-Штип со финансиски показатели за период 01.07-31.12.2022 година. | 361 |
| 239. | Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈП„Исар“-Штип со финансиски показатели за период 01.07-31.12.2022 година. | 361 |
| 240. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈП„Исар“-Штип со финансиски показатели за период 01.10-31.12.2022 година. | 362 |
| 241. | Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈП„Исар“-Штип со финансиски показатели за период 01.10-31.12.2022 година. | 363 |
| 242. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈП„Исар“-Штип со финансиски показатели за период 01.01.2022-31.12.2022 година. | 363 |
| 243. | Заклучок за усвојување на Извештај за работата на ЈП„Исар“-Штип со финансиски показатели за период 01.01.2022-31.12.2022 година. | 364 |
| 244. | Решение за објавување на Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП „Исар“-Штип. | 364 |
| 245. | Одлука за давање согласност на Одлука за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП „Исар“-Штип. | 365 |
| 246. | Одлука за изменување и дополнување на Ценовник на услуги на ЈП "Исар"-Штип. | 366 |
| 247. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај на ЈП„Исар“-Штип за одржување на јавната чистота за период 01.07-31.12.2022 година. | 371 |
| 248. | Заклучок за усвојување на Извештај на ЈП„Исар“-Штип за одржување на јавната чистота за период 01.07-31.12.2022 година. | 372 |

| | | |
|---|---|---|
| 249. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај на ЈП„Исар“-Штип за одржување на јавната чистота за период 01.10-31.12.2022 година. | 372 |
| 250. | Заклучок за усвојување на Извештај на ЈП„Исар“-Штип за одржување на јавната чистота за период 01.10-31.12.2022 година. | 373 |
| 251. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Извештај на ЈП„Исар“-Штип за одржување на јавната чистота за период 01.01-31.12.2022 година. | 373 |
| 252. | Заклучок за усвојување на Извештај на ЈП„Исар“-Штип за одржување на јавната чистота за период 01.01-31.12.2022 година. | 374 |
| 253. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ЈП„Исар“-Штип за 2022 година. | 375 |
| 254. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка на ЈП„Исар“-Штип за 2022 година. | 375 |
| 255. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ООУ„Славејко Арсов“ Штип. | 376 |
| 256. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на ООУ„Славејко Арсов“ Штип. | 376 |
| 257. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип. | 377 |
| 258. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“-Штип. | 377 |
| 259. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на СОУ „Коле Нехтенин“-Штип. | 378 |
| 260. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на СОУ „Коле Нехтенин“-Штип. | 379 |
| 261. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип. | 379 |
| 262. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на СОУ „Димитар Мирасчиев“-Штип. | 380 |
| 263. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на СОУ „Јане Сандански“-Штип. | 381 |
| 264. | Заклучок за усвојување на Годишна сметка за 2022 година на СОУ „Јане Сандански“-Штип. | 381 |
| 265. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на ООУ „Димитар Влахов“ Штип, за реализација на проектот „Словенија 2023“ година. | 382 |

| | | |
|---|---|---|
| 266. | Одлука за одобрување финансиски средства на ООУ „Димитар Влахов“ Штип, за реализација на проектот „Словенија 2023“ година. | 383 |
| 267. | Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средства на Андон Мајхошев за печатење на книга „МЕДИУМИТЕ ВО ШТИП: (И)СТОРИЈА НА ПОДЕМИ И ПАДОВИ“. | 384 |
| 268. | Одлука за одобрување финансиски средства на Андон Мајхошев за печатење на книга „МЕДИУМИТЕ ВО ШТИП: (И)СТОРИЈА НА ПОДЕМИ И ПАДОВИ“. | 384 |
| 269. | Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Барањето за финансиска подршка за Меѓународна олимпијада по Хемија за ученици од СОУ Гимназија„Славчо Стојменски“ Штип. | 385 |
| 270. | Заклучок за усвојување на Барањето за финансиска подршка за Меѓународна олимпијада по Хемија за ученици од СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ Штип. | 386 |
| 271. | Одлука за распишување избори за членови на Советот во Урбаната Заедница „Сутлак“во Општина Штип. | 386 |
| 272. | Правилник за начинот на користење на годишен одмор, приватен и службен излез во текот на работното време за вработените во општинската администрација во Општина Штип. | 387 |
| 273. | Правилник за измена на правилникот за утврдување на плати, додаток на плати и надоместоци на плата на вработените кои вршат административно-технички работи и помошни работи во Општина Штип. | 390 |

176.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ДОЛЖНИЧКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ–ОПШТИНСКИ ОБВРЗНИЦИ ОД ПРВА ЕМИСИЈА

I

Се објавува Одлука за издавање на долгорочни должнички хартии од вредност – општински обврзници од прва емисија.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2666/2 Општина Штип
13 април 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

177.

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија‘‘ бр.05/02), член 7 и член 12 од Законот за хартии од вредност (,,Службен весник на Република Македонија‘‘ бр.95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија‘‘ бр.31/2020 и 288/2021), член 2 алинеја 15 и член 18 на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09; 47/11; 192/15 и 209/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија‘‘ бр. 244/19; 53/21; 77/21; 150/21 и 173/22), член 3, член 4 и член 6 од Правилникот за формата и содржината на актот за издавање на хартии од вредност по видови на хартии од вредност (,,Службен весник на Република Македонија‘‘, бр. 122/2006, 81/214 и 192/2019) Советот на општина Штип на седница, одржана на ден 12 април 2023 година донесе,

ОДЛУКА
ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИ ДОЛЖНИЧКИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ – ОПШТИНСКИ ОБВРЗНИЦИ ОД ПРВА ЕМИСИЈА

Член 1

Со оваа Одлука Општина Штип, со седиште на ул. Васил Главиновброј 4Б – Штип, го уредува издавањето на првата емисија на седумгодишни општински обврзници во износ од 4.000.000 евра во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ (четиримилиони евра).

Член 2

Долгорочните должнички хартии од вредност – општински обврзници (во понатамошиот текст: општински обврзници или обврзници) ќе се издаваат по пат на јавна понуда.

Општинските обврзници се: неограничено преносливи, во нематеријализиран облик и гласат на име. Обврзниците носат право на камата и право за враќање на главницата.

Член 3

Издадените обврзници по својот вид се обврзувачки.

Во случај на нови емисии на нови долгорочни хартии од вредност – обврзници, обврзниците од оваа емисија ќе имаат еднаков третман при исплата како и сите други должнички хартии од вредност од ист вид и карактеристики кои можат да бидат издадени од Општина Штип во иднина.

Имателот на обврзница не може да бара забрзана отплата на идните побарувања врз основа на камата или главница.

Член 4

Општина Штип ќе издаде обврзници во количина од 8000 (осумилјади) лота, во апоени од по 500(петстотини) ЕУР.

Номинална вредност на обврзниците е 500 (петстотини) ЕУР по лот – по обврзница.

Член 5

Обврзниците ќе се понудат по продажна цена која е еднаква на номиналната и изнесува 500 (петстотини) ЕУР по лот – по обврзница, во денарска противвреденост по среден курс на НБРСМ за евра на денот на уплатата.

Вкупната вредност на емисијата е 4.000.000 (четири милиони) ЕУР.

Член 6

Правата и обврските од издадените обврзници настануваат од моментот на запишување на истите во Централниот депозитар на хартии од вредност.

Рокот на доспевање на издадените обврзници е 7(седум) години од денот на запишување на обврзниците во Централниот депозитар на хартии од вредност.

Член 7

Средствата кои ќе се приберат преку емисијата на обврзниците се наменети за Проектот „Заеднички активности за локален економски развој“, кој во себе содржи шест под-проекти:

1. Продолжување на бул. „Партизанска“;
2. Изградба на обиколница од бул. „Гоце Делчев“, до населба Ново Село, преку населба Пребег;
3. Уредување на Градски пазар;
4. Набавка на фотонапонски панели за производство на електрична енергија со капацитет на производство до 800 kWh на кровни површини на јавни објекти;
5. Набавка на турбина за искористување на воден притисок од проток на вода во Филтер станицата на ЈП Исар – Штип, за производство на електрична енергија со капацитет на производство од минимум 200 kWh;
6. Реализација на други капитални проекти, согласно програмите за работа на Општина Штип.

согласно:

1. Продолжување на бул. „Партизанска“ – Општина Штип располага со:

- Геодетски елаборат за посебни намени-за нумерички податоци со дел.бр. 08-109/3 , изработен од ГЕОМЕТАР ПРО.ИНГ ДОО Св.Николе.
- Урбанистички проект за инфраструктура за Булевар Партизанска со тех.бр. 3134/12 од 2021 год, изработен од ДИВИ Македонија доо, Скопје
- Основен проект со тех.бр.3134/12 од 2021 , изработен од ДИВИ Македонија доо, Скопје со фази-Градежен дел, сообраќај, хидротехника,градежни конструкции, електротехника
- Елаборат за заштита на животна средина, изработен од ДИВИ Македонија доо, Скопје
- Решение за одобрување на елаборат за заштита на животна средина, со УП 1 бр.18/21-83 од 10.06.20210год.
- Ревизија на Основен проект за сите фази, со тех.бр. ПРР 059-07-21 од Ноември 2021 год., изработена од Градежен Институт „Македонија“ А.Д - Скопје
- и останати документи кои се потребни за издавање на одобрение за градба, како полномошно и сл.
- Во моментов општината пристапи кон поднесување на барање во системот https://www.gradezna-dozvola.mk и ќе обезбеди одобрение за градба;

2. **Изградба на обиколница од бул. „Гоце Делчев“, до населба Ново Село, преку населба Пребег**:

- Изработка на урбанистички проект со вклучена ревизија и основен проект со вклучена ревизија за обиколница од бул. Гоце Делчев до населба Ново Село, преку населба Пребег со арх. бр. 03-1562/25 од 04.05.2022 година. Фирмата има добиено налог за изготвување на Урбанистички проект за инфраструктура, на кој ќе следи Основен проект и ревизија на истиот;

3. **Уредување на Градски пазар:**

- Во моментов се работи на Елаборат за уредување на градски пазар, од страна на фирма избрана со јавна набавка и со која е склучена Рамковна спогодба за Изработка на елаборати за поставување на урбана опрема со арх.бр. 03-5083/25 од 26.10.2022 година;
- ДУП за Градски пазар, населба Автокоманда донесен со Одлука на Совет на Општина Штип, бр. 0201-3823/1 од 16.12.1982 година;

4. **Набавка на фотонапонски панели за производство на електрична енергија со капацитет на производство до 800 kWh на кровни површини на јавни објекти:**

- Основни проекти за поставување на фотоволтаици на кровни површини на јавни објекти, за следниве објекти: ООУ Ванчо Прке – Штип, административен објект на Општина Штип, административен објект на ЈП Исар – Штип, Филтер станица на ЈП Исар – Штип, изготвени од страна на фирма избрана на јавна набавка и со која е склучен Договор за Изработка на основен проект за поставување фотоволтаици на објекти со арх.бр. 03-6026/18 од 03.11.2022 година;

5. **Набавка на турбина за искористување на воден притисок од проток на вода во Филтер станицата на ЈП Исар – Штип, за производство на електрична енергија со капацитет на производство од минимум 200 kWh:**

- Општина Штип располага со Пре-Фисибилити Студија за мала хидро електрична централа "Исар" на систем за водоснабдување на град Штип со иновиран систем;

Согласно Одлуката за задолжување на општина Штип преку издавање на општински обврзници бр. 08-1817/1 од 07.03.2023 година.

Член 8

Емисијата за обврзниците нема гарант за исплата и истите не се издаваат во серија.

Член 9

Должничките обврзници се со фиксна годишна каматна стапка во износ од 4,75%.

Исплатата на каматата ќе се врши во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евра на денот на исплатата, еднаш годишно, сметано од

денот на регистрирањето на обврзниците во Центарлниот депозитар за хартии од вредност, а согласно амортизациониот план за исплата на долгот, односно на главницата и каматата.

Член 10

Првата исплата на каматата ќе започне по истекот на 12 месеци од денот на регистрирање на обврзницата во Централниот Депозитар на хартии од вредност, а ќе заврши во наредните (7) години сметано од денот на регистрирањето на обврзниците во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Првата исплата на главницата ќе започне по истекот на 12 месеци и ќе се исплати во 7 (седум) еднакви годишни рати од датумот на регистрирање на обврзниците во Централниот депозитар на хартии од вредност во денарска противвредност по среден курс на НБРСМ за евра на денот на исплатата.

Исплатата на номиналната вредност на обврзницата и на каматата ќе се врши на точно утврдени датуми кои ќе бидат објавени од страна на издавачот на начин на кој е објавен Проспектот во рок од 10 дена од регистрирање на обврзниците во Централниот депозитар за хартии од вредност. Исплатата ќе се врши во рок не подолг од 15 дена од денот на достасување на обврската за исплата на каматата и на главницата.

Во случај на доцнење на исплатата на каматата и на главницата на обврзниците, по истекот на роковите, Општина Штип се обврзува да им плати на имателите, законска казнена камата.

Член 11

Исплатата на обврските настанати со издавањето на обврзниците ќе се врши од сопствени извори на приходи на Општина Штип, во моментот на нивното доспевање.

Член 12

Обврзниците ќе бидат понудени со јавна понуда преку Македонска берза АД Скопје, во согласност со Правилата за тргување на берзата, а постапката на запишување и уплата на обврзниците ќе се спроведе преку овластените учесници на пазарот на хартии од вредност-членки на Македонска берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје.

При запишувањето и распределбата на запишаните обврзници се применува моделот на фиксна цена со давање приоритет на налози со помала количина и порано време на внес на налог.

Обврзниците можат да се запишат и купат најдоцна во рок од 30 дена од иницијалниот ден за запишување и уплата на обврзниците. Како иницијален ден се смета денот од кога почнува запишувањето и уплатата на обврзниците, а кој согласно оваа Одлука ќе биде определен во Поканата за запишување на обврзниците и Проспектот за јавна понуда за издавање на обврзници.

Член 13

Обврзниците се уплатуваат во денари еднократно од страна на купувачот. Уплатата ќе се изврши во денарска противредност по среден курс на НБРСМ за евра на денот на уплатата на посебна сметка за целите на јавната понуда.

Купувач на обврзниците нема да биде Општина Штип ниту правно лице основано од Општина Штип или правно лице во кое Општината има учество.

Купувањето на обврзниците не е финансирано директно или индиректно од Општина Штип.

За време на запишувањето, сите уплати се чуваат на посебна сметка која не може да биде користена од страна на издавачот се додека јавната понуда не биде успешно завршена.

Член 14

Со Проспект за издавање на долгорчни хартии од вредност по пат на јавна понуда се објавува издавањето на обврзниците.

Запишувањето и уплатата на обврзниците ќе отпочне најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на одобрението за издавање на обврзници од страна на Комисијата за хартии од вредност.

Распределбата на обврзниците ќе се врши во согласнот со Правилата за регулирање на начинот на запишување на јавно понудени хартии од вредност преку берза со примена на моделот на фиксна цена со давање приоритет на налози со помала количина и порано време на внес на налог.

Член 15

Поканата за запишување и уплата на обврзниците ќе биде објавена на македонски јазик и неговото кирилско писмо во еден од дневните весници што излегуваат на територијата на Република Северна Македонија, 14 календарски дена пред почетокот на запишувањето на обврзниците.

Проспектот за запишување и уплата и Поканата за запишување и уплата на обврзниците ќе бидат објавени на интернет страницата на Македонска берза АД Скопје, 14 дена пред почетокот на запишувањето на истите.

Член 16

Јавната понуда ќе се смета за успешна доколу се запишат и уплатат најмалку 60% од понудените обврзници.

Ако јавната понуда не се реализира согласно ставот 1 од овој член, истата се смета за неуспешна, а запишувањето на обврзниците се поништуваат и сите примени уплати за обврзниците се враќаат на трансакциските банкарски сметки на инвеститорите во рок од 7 дена од денот на објавување на неуспешноста на понудата заедно со депозитна камата дефинирана во Законот за хартии од вредност.

Доколку пред истекот на рокот за запишување и уплата на обврзниците, се запишат и уплатат 100% од понудените обврзници, општина Штип веднаш ќе ја затвори јавната понуда и преку соопштение за успешно релизирана емисија ќе ја извести Комисијата за хартии од вредност и јавноста.

Член 17

Оваа емисија на општински обврзници е наменета за сите физички и правни домашни и странски лица.

Член 18

Обврзниците се регистрираат во Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје, каде правото на сопственост и правото на располагање се стекнува со денот на регистрирање на обврзниците на сметката на хартии од вредност на сопственикот во депозитарот по целосна уплата согласно законскиот принцип – испорака наспроти плаќање.

Издавачот (Општина Штип) ќе ги предаде обврзниците за регистрирање во ЦДХВ во рок од 3 работни дена по истекот на рокот за реализација на емисијата односно по постигнување на процентот од член 16 став 1,односно по постигнување на процентот од член 16 став 3 од оваа Одлука.

Општина Штип ќе располага со средствата од емисијата по регистрирање на обврзниците во ЦДХВ и префрлање на средствата од посебната сметка на сметка на општината.

Во случај на доцнење на исплата на камата или главница, после истекот на роковите, Општина Штип се обврзува на сопственците на обврзниците да им плати законска казнена камата.

Општинските обврзници ќе бидат внесени на берзанска котација во случај на исполнување на условите дефинирани согласно Правилата за котација на Македонска берза АД Скопје.

Член 19

Оваа Одлука треба да се спроведе во рок од 1(една) година од денот на влегување во сила.

Член 20

Се овластува Градоначалникот на Општина Штип, доколку се укаже потреба или на барање на Комисијата за хартии од вредност, да изврши измена и дополнување на оваа Одлука, без право на промени во висината и условите на емисијата.

Член 21

Се задолжува Градоначалникот на Општина Штип да ги преземе потребните активности за реализација на оваа Одлука.

Член 22

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Штип”.

Број 08 – 2666/1
12 април 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

178.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП 55 ЗА КО-БРЕСТ СО НАМЕНАТА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ

I

Се објавува Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 55 за КО-Брест со намената на бесправно изградениот објект.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2667/2
13 април 2023 година

Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

179.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), а во врска со член 10 став 4 од Закон за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ број 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 12 април 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП 55 ЗА КО БРЕСТ СО НАМЕНАТА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ

Член 1

Се утврдува дека се исполнети условите за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 55 за Брест со намената на бесправно изградениот објект – станбена куќа.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 2667/1
12 април 2023 година

Штип

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

180.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП 2306 И КП 2307 ЗА КО ШТИП ВОН ГРАД СО НАМЕНАТА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ

I

Се објавува Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 2306 и КП 2307 за КО Штип вон град со намената на бесправно изградениот објект.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2668/2
13 април 2023 година

Штип

Општина Штип
Градоначалник

Иван Јорданов, с.р.

181.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), а во врска со член 10 став 4 од Закон за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ број 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 12 април 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА
УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ
НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП 2306 и КП 2307 ЗА КО Штип вон град
СО НАМЕНАТА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ

Член 1

Се утврдува дека се исполнети условите за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 2306 и КП 2307 за КО Штип вон град со намената на бесправно изградениот објект – викенд куќа.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 2668/1
12 април 2023 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Весна Кожинкова, с.р.

182.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ
НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА
НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП 178 ЗА КО ШТИП ВОН ГРАД СО НАМЕНАТА
НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ

I

Се објавува Одлука за утврдување на потребата од донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 178 за КО Штип вон град со намената на бесправно изградениот објект.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2669/2 Општина Штип
13 април 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

183.

Врз основа на член 21 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 05/21), а во врска со член 10 став 4 од Закон за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ“ број 23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 12 април 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОТРЕБАТА ОД ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА НАМЕНАТА НА ЗЕМЈИШТЕТО НА КП 178 ЗА КО Штип вон град СО НАМЕНАТА НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ

Член 1

Се утврдува дека се исполнети условите за донесување на урбанистичко-планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП 178 за КО Штип вон град со намената на бесправно изградениот објект.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 2669/1 Совет на Општина Штип
12 април 2023 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

184.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ЗЕЛЕНА ЕНЕРИЈА ЗА ПОДОБРА ИДНИНА“

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Зелена енерија за подобра иднина“.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2670/2 Општина Штип
13 април 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

185.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 12 април 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО
НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ЗЕЛЕНА ЕНЕРГИЈА ЗА ПОДОБРА ИДНИНА“

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „Зелена енергија за подобра иднина“ со сопствени средства во износ од 100.000.00 ЕВРА.

Член 2

Проектот „ Зелена енергија за подобра иднина“ ќе биде аплициран до Центарот за меѓународна соработка и развој на Република Словенија.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година и 2024 година.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 2670/1 Совет на Општина Штип
12 април 2023 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

186.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ЗБОГАТУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН“

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Збогатување на туристичка понуда во Источен плански регион“ за делот на општина Штип „Поплочување на улици во автентичен стил во населба Ново село“ Штип - фаза 2“.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2671/2 Општина Штип
13 април 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

187.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 12 април 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО
НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ЗБОГАТУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА
ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН “

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „Збогатување на туристичката понуда во Источен плански регион“, за делот на Општина Штип- „Поплочување на улици во автентичен стил во населба Ново село Штип -фаза 2 “.

Општина Штип ќе учствува со сопствени средства во износ од 1.571.632,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 2

Проектот „ Збогатување на туристичката понуда во Источен плански регион“ ќе биде аплициран до Бирото за регионален развој преку Програмата за рамномерен регионален развој.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 и 2024 година, а ќе се трансферират на посебна сметка на проектот, која ќе биде отворена на сметката на Носителот на проектот-Центар за развој на Источен плански регион Штип.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 2671 /1
12 април 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

188.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „ИНСТАЛАЦИЈА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМИ ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН“

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Инсталација на фотоволтаични системи во Источен плански регион“.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2672/2 Општина Штип
13 април 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

189.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 12 април 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „ИНСТАЛАЦИЈА НА ФОТОВОЛТАИЧНИ СИСТЕМИ ВО ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН “

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „ Инсталација на фотоволтаични системи во Источен плански регион“ за делот на Општина Штип „Изградба на фотонапонски модули за производство на електрична енергија со максимален инсталиран капацитет од 1,0 MW на објект

Пречистителна станица - Општина Штип и „Изградба на фотонапонски модули за производство на еклектрична енергија со максимален инсталиран капацитет од 1,0 MW, на објект ОУ„Ванчо Прке“ Штип.

Општина штип ќе учствува со сопствени средства во износ од 545.654,00 денари со вклучен ДДВ.

Член 2

Проектот „ Инсталација на фотоволтаични системи во Источен плански регион“ ќе биде аплициран до Бирото за регионален развој преку програмата за рамномерен регионален развој.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 и 2024 година, а ќе се трансферират на посебна сметка на проектот, која ќе биде отворена на сметката на Носителот на проектот-Центар за развој на Источен плански регион Штип.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08 – 2672/1
12 април 2023 година

Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател

Весна Кожинкова, с.р.

190.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА
ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„БЕТОНИРАЊЕ НА УЛИЦАТА АСНОМ ВО НАСЕЛБА СВЕТА НЕДЕЛА И
ПОСТ КОВИД АКТИВНОСТИ ЗА ВОЗРАСНИ И ТУТОРСТВО ЗА ДЕЦАТА РОМИ“

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Бетонирање на улицата АСНОМ во населба Света Недела и пост ковид активности за возрасни и туторство за децата Роми“.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2673/2 Општина Штип
13 април 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

191.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 12 април 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО
НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ
„ БЕТОНИРАЊЕ НА УЛИЦАТА АСНОМ ВО НАСЕЛБА СВЕТА НЕДЕЛА И
ПОСТ КОВИД АКТИВНОСТИ ЗА ВОЗРАСНИ И ТУТОРСТВО ЗА ДЕЦАТА РОМИ“

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „ Бетонирање на улицата АСНОМ во населба Света Недела и пост ковид активности за возрасни и туторство за децата роми“ со сопствено учество во износ од 30.070,00 денари.

Член 2

Проектот „Бетонирање на улицата АСНОМ во населба Света Недела и пост ковид активности за возрасни и туторство за децата роми“ е финансиран од Европска унија и Совет на Европа во рамки на програмата РОМАКТЕД фаза 2.

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2673/1 Совет на Општина Штип
12 април 2023 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

192.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „ШТИП И БЕРОВО ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВОТ НА РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ“

I

Се објавува Одлука за одобрување финансиски средства за учество на Општина Штип во реализацијата на проектот „Штип и Берово за подобрување на условите за живот на ромските заедници“.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2674/2 Општина Штип
13 април 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

193.

Врз основа на член 46 и член 21 став 1 точка 25 од Статутот на Општина Штип(„Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 12 април 2023 година, донесе

ОДЛУКА
ЗА ОДОБРУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА УЧЕСТВО НА ОПШТИНА ШТИП ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ „ ШТИП И БЕРОВО ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ЖИВОТ НА РОМСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ“

Член 1

Општина Штип ќе учествува во реализацијата на проектот „Штип и Берово за подобрување на условите за живот на ромските заедници“, со сопствено учество во износ од 70.535,64 Евра.

Член 2

Проектот „Штип и Берово за подобрување на условите за живот на ромските заедници“ е финансиран од Европска унија – Надворешни акции на Европска унија –ИПА 2020/420-735.
Во проектот учествуваат Европска унија,претставувана од европска комисија,општина штип, општина берово и Здружение на еклошко одржлив развој Зелен институт Скопје (НВО).

Член 3

Средствата за кофинансирачко учество од член 1 на оваа Одлука ќе се исплатат од Буџетот на Општина Штип за 2023 година.

Член 4

Оваа одлука стапува во сила наредниот ден од денот, на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-2674/1 Совет на Општина Штип
12 април 2023 година Претседател

Ш т и п Весна Кожинкова, с.р.

194.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11, 13/14 и 5/21), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ДЕЛ ОД КП 9146/3 ЗА КО ШТИП 5

I

Се објавува Одлука за утврдување на висината на надоместокот за експропријација на градежно земјиште за дел од КП 9146/3 за КО Штип 5.

.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-2675/2 Општина Штип
13 април 2023 година Градоначалник

Ш т и п Иван Јорданов, с.р.

195.

